ЗЕЛС
BNJVL

# ГЛАСИЛО
# GAZETË

ЈУЛИ 2019
KORRIK 2019



ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**-ЗЕЛС**

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
**-BNJVL**



Почитувани,

На 11 јули, 2019 година Управниот одбор на ЗЕЛС ја одржа единаесеттата седница. На покана од претседателот на ЗЕЛС, Петре Шилегов, на седницата присуствуваше и новиот министер за локална самоуправа на Република Северна Македонија, Горан Милевски, кој беше запознаен со генералните ставови на локалните власти, во насока на преземањето на следните активности за продолжување на децентрализацијата во земјава. И двете страни изразија задоволство од партнерскиот однос на локалната и централната власт, при што беше договорено поставувањето на контурите на овој процес на почетокот да биде во рацете на локалните власти и во соработка со Министерството за локална самоуправа, а потоа тој да биде презентиран пред премиерот и соодветните министерства. За таа цел на седницата беа избрани претставници од ЗЕЛС кои ќе ги изнесуваат ставовите на мешовитото работно тело. Всушност, како што беше договорено, ова работно тело на 18 јули, 2019 година го одржа првиот заеднички состанок, каде освен министерот и заменик министерот за локална самоуправа, учествуваа и двајца претставници од Кабинетот на премиерот на РСМ. Претставниците на ЗЕЛС го презентираа предлог - концептот зошто е неопходно продолжувањето на реформите на локалната самоуправа. Меѓу бројните причини беше посочено дека постојниот систем на локална самоуправа кој започна да се имплементира на 1 јули, 2005 година, покрај добрите страни, покажа и многу слабости и недостатоци кои мора да се отстранат и подобрат и дека локалните власти имаат хроничен недостаток на финансиски средства со кои располага локалната власт за вршењето на своите надлежности. Во текот на овој месец, седница одржа и Комитетот на советите при ЗЕЛС на која се дискутираше за можностите за обезбедување на поголем прилив на финансиски средства од сопствените извори на приходи на општините. Исто така, советниците дискутираа и за прашањето за утврдување на висината на надоместокот за „легализација" на објектите, кои се бесправно изградени во периодот по стапување на сила на Законот за постапување со бесправно изградени објекти, односно објекти изградени по 3 март, 2011 година. Седница одржа и Комисијата за образование, која го разгледа Предлог-законот за основно образование и даде свои забелешки, меѓу кои дека предлог –законските мерки не се доставени до ЗЕЛС, со што е нарушен еден од најзначајните взаемно утврдени принципи за соработка меѓу централната и локалната власт, воспоставени со Меморандумот за меѓусебна соработка на Владата и ЗЕЛС. Во текот на овој месец претставници од ЗЕЛС учествуваа во работата на повеќе работни тела на кои се разгледуваа одредени закони или проекти, како предлозите за пристапување кон измени на Законот за рамномерен регионален развој и на Законот за концесија и јавно -приватно партнерство.

Со почит,
Душица Перишиќ
Извршен директор на ЗЕЛС

Të nderuar,

Më 11 korrik 2019, Bordi drejtues i BNJVL-së mbajti seancën e njëmbëdhjetë. Me ftesë të kryetarit të BNJVL-së Petre Shilegov, në seancë mori pjesë edhe ministri i ri i vetëqeverisjes lokale të Republikës së Maqedonisë së Veriut, Goran Milevski, i cili u informua për qëndrimet e përgjithshme të autoriteteve lokale në drejtim të ndërmarrjes së aktiviteteve të ardhshme për vazhdimin e decentralizimit në vend. Të dyja palët shprehën kënaqësinë e tyre për partneritetin e pushtetit lokal dhe atij qendror, kështu që u dakordua që vendosja e kornizave të këtij procesi në fillim të jetë në duart e autoriteteve lokale dhe në bashkëpunim me Ministrinë e Vetëqeverisjes Lokale, e pastaj ai të prezantohet para Kryeministrit dhe ministrive përkatëse. Për këtë qëllim në seancë u zgjodhën përfaqësuesit e BNJVL-së të cilët do t'i prezantojnë qëndrimet para trupit të përzier punues. Faktikisht, siç ishte e dakorduar, ky trup punues më 18 korrik 2019 mbajti takimin e parë të përbashkët ku përveç ministrit dhe zëvendës-ministrit të vetëqeverisjes lokale morën pjesë edhe dy përfaqësues nga Kabineti i Kryeministrit të RMV-së. Përfaqësuesit e BNJVL-së prezantuan projekt-konceptin se pse është e nevojshme të vazhdojnë reformat e vetëqeverisjes lokale. Ndër arsyet e shumta u theksua se sistemi ekzistues i vetëqeverisjes lokale që filloi të zbatohet më 1 korrik 2005, përveç gjërave të mira, tregoi edhe shumë dobësi dhe mangësi që duhet të eliminohen dhe të përmirësohen dhe se autoritetet lokale kanë një mungesë kronike të mjeteve financiare të cilat i ka në dispozicion pushteti lokal për kryerjen e kompetencave të tija. Gjatë këtij muaji seancë mbajti edhe Komiteti i këshillave të BNJVL-së në të cilën u diskutua për mundësitë e sigurimit të një prurjeje më të madhe të mjeteve financiare nga burimet e veta të të ardhurave të komunave. Këshilltarët po ashtu diskutuan edhe për çështjen e përcaktimit të shumës së kompensimit të "legalizimit" të objekteve, të cilat janë ndërtuar në mënyrë të paligjshme në periudhën pas hyrjes në fuqi të Ligjit për trajtimin e objekteve të ndërtuara në mënyrë të paligjshme, përkatësisht që janë ndërtuar pas datës 3 mars 2011. Seancë mbajti edhe Komisioni për arsim, i cili shqyrtoi Projekt-ligjin për arsimin fillor dhe dha vërejtjet e tija, ndër të cilat se zgjidhjet projekt-ligjore nuk janë dorëzuar për shqyrtim në BNJVL dhe me këtë është shkelur një nga parimet më të rëndësishme të vendosura reciproke të bashkëpunimit mes pushtetit qendror dhe atij lokal, të vendosura me Memorandumin e bashkëpunimit të ndërsjellë të Qeverisë dhe BNJVL-së. Gjatë këtij muaji përfaqësues të BNJVL-së morën pjesë në punën e më shumë trupave punues ku shqyrtoheshin ligje ose projekte të caktuara, siç janë propozimet për ndryshime të Ligjit për zhvillimin e barabartë rajonal dhe Ligjit për koncesion dhe partneritet publik-privat.

Me respekt
Dushica Perishiq
Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së


**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
тел. +389 (0) 2 30 99 033, факс: +389 (0) 2 30 61 994
ул. Копенхагенска бр. 5, п.фах 32,
1000 Скопје, Република Северна Македонија
**Извршен директор на ЗЕЛС:**
Душица Перишиќ
**Заменик извршен директор на ЗЕЛС:**
Ардита Дема-Мехмети
**Подготвила:**
Весна Арсовска-Динковска
**Превод:** Славе Чорбев
**Лекторирал:** Момент мал ДООЕЛ,Скопје
**Дизајн и подготовка:** СОФИЈА ПРИНТ Богданци
**Печатење:** СОФИЈА ПРИНТ Богданци

**BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**
tel. +389 (0) 2 30 99 033, faks: +389 (0)2 30 61 994
rr. „ Kopenhagenska" nr. 5, F.P. 32,
1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
**Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Dushica Perishiq
**Zëvendes drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Ardita Dema - Mehmeti
**Përgatiti:**
Vesna Arsovska - Dinkovska
**Përkthim:** Sllave Çorbev
**Lektoron:** Moment Mal SHPKNJP, Shkup
**Dizajnim dhe përgatitje:** SOFIJA PRINT Bogdanci
**Shtyp:** SOFIJA PRINT Bogdanci

# ПРЕИСПИТУВАЊЕ НА МОЖНОСТИТЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОГОЛЕМ ПРИЛИВ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД СОПСТВЕНИТЕ ИЗВОРИ НА ПРИХОДИ НА ОПШТИНИТЕ - ДЕЛ ОД ДИСКУСИИТЕ НА КОМИТЕТОТ НА СОВЕТИТЕ ПРИ ЗЕЛС

Комитетот на совети при ЗЕЛС ја одржа третата седница на 4 јули, 2019 година во просториите на Заедницата. Присутните беа информирани за препораките и заклучоците од средбата на Управниот одбор на ЗЕЛС со претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, на која присуствуваа и советници од неговиот Кабинет, а која се одржа на 22 јуни, 2019 година, во Струга. На средбата беше договорена временска рамка за динамиката на активности кои одат во насока од 1 јануари, 2020 година да започне реализација на нов бран во стратегискиот развој на децентрализацијата на локалната власт во земјава, обезбедување на поголема финансиска стабилност на единиците на локалната власт и фазно пренесување на надлежности од централно на локално ниво, во областите каде ќе биде оценето дека е тоа можно и потребно. Притоа, посебен акцент беше ставен и на преиспитување на можностите за обезбедување на поголем прилив на финансиски средства од сопствените извори на приходи на општините, како што е данокот на имот.

## Дискусија за искористување на законската рамка за пресметување на данокот на имот

Речиси сите општини ја користат најниската ставка од законски утврдените можности (0,1% до 0,2%) за пресметување на данокот на имот, кој претставува најзначајниот извор од сопствените приходи на локалните власти. На средбата стана збор дека општините треба да започнат да ја користат горната законска граница за пресметување на данокот на имот, за што треба да се сложат сите градоначалници, а потоа за предлогот ќе одлучува Советот на секоја општина. За ова прашање се отвори и дебата на седницата на Генералното собрание на ЗЕЛС, кое е највисокиот орган на Заедницата, каде беше заклучено дека треба да се упати препорака до сите членки, да изградат заеднички став кон прашањето за утврдување на изедначена зголемена ставка на данокот на имот.

Членовите на Комитетот беа информирани дека ЗЕЛС веќе испрати ваков допис до сите градоначалници и дека одговорите кои стигнуваат се во насока на прифаќање на овој предлог. На овој начин, локалните власти ќе испратат порака до централната власт дека се подготвени барањата за поголема финансиска независност да ги поткрепат и со сопствени мерки за искористувањето на законските можности за обезбедување на финансии од сопствените приходи. Исто така, овие средства ќе бидат од директна полза за самите граѓаните во секоја општина, бидејќи директно ќе го надополнат буџетот на самата општина.

Присутните го поддржаа овој предлог, но посочија дека за реализација на овој чекор „жешките костени" се оставени на советниците. Притоа, посочија дека на советите ќе им биде потребна голема поддршка за спроведување на соодветна стратегија или кампања за информирање на граѓаните за полезноста од зголемувањето на ставката на овој данок. Беа изнесени и гледишта дека ваквите зафати се избрзани и дека можеби е подобро прво, во даден временски период, сите

# RISHQYRTIMI I MUNDËSIVE PËR SIGURIMIN E NJË SHUME MË TË MADHE TË MJETEVE FINANCIARE NGA BURIMET VETANAKE TË TË ARDHURAVE TË KOMUNAVE – PJESË E DISKUTIMEVE TË KOMITETIT TË KËSHILLAVE TË BNJVL-SË

Komiteti i këshillave të BNJVL-së mbajti seancën e tretë më 4 korrik 2019 në hapësirat e Bashkësisë. Të pranishmit u informuan për rekomandimet dhe konkluzionet nga takimi i Bordit drejtues të BNJVL-së me kryetarin e Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, Zoran Zaev, në të cilin morën pjesë edhe këshilltarë nga kabineti i tij, i cili u mbajt më 22 qershor 2019 në Strugë. Në takim u dakordua korniza kohore për dinamikën e aktiviteteve të cilat shkojnë në drejtim që nga 1 janari 2020 të fillojë realizimi i një vale të re në zhvillimin strategjik të decentralizimit të pushtetit lokal në vend, sigurimi i një stabiliteti më të madh financiar të njësive të pushtetit lokal dhe transferimi i kompetencave në faza nga niveli qendror në atë lokal, në sferat ku do të vlerësohet se ajo gjë është e mundshme dhe e nevojshme. Gjithashtu theks i veçantë u vu në rishqyrtimin e mundësive për sigurimin e një shume më të madhe të mjeteve financiare nga burimet vetanake të të ardhurave të komunave, siç është tatimi i pronës.

## Diskutim për shfrytëzimin e kornizës ligjore për llogaritjen e tatimit të pronës

Gati të gjitha komunat e përdorin shkallën më të ulët nga mundësitë e përcaktuara me ligj (0.1% deri 0.2%) për llogaritjen e këtij tatimi. Në takim u bisedua që komunat të fillojnë ta përdorin kufirin e sipërm ligjor për llogaritjen e tatimit të pronës, për të cilën gjë duhet të pajtohen të gjithë kryetarët e komunave, e pastaj lidhur me këtë propozim do të vendosë Këshilli i çdo komune. Për këtë çështje u hap edhe debat në seancën e Kuvendit gjeneral të BNJVL-së, i cili është organi më i lartë i Bashkësisë, ku u mor konkluzion që të dërgohet rekomandim deri te të gjitha anëtaret që të ndërtojnë qëndrim të përbashkët lidhur me çështjen për përcaktimin e shkallës së barazuar së rritur të tatimit të pronës.

Anëtarët e Komitetit u informuan se BNJVL-ja tashmë ka dërguar një shkresë të këtillë deri te të gjithë kryetarët e komunave dhe se përgjigjet të cilat arrijnë janë në drejtim të pranimit të këtij propozimi. Në këtë mënyrë, autoritetet lokale do të dërgojnë porosi deri te pushteti qendror se janë të gatshme që kërkesat për një pavarësi më të madhe financiare t'i mbështesin edhe me masa të veta për shfrytëzimin e mundësive ligjore për sigurimin e financave nga të ardhurat vetanake. Gjithashtu, këto mjete do të jenë në dobi të drejtpërdrejtë për vetë qytetarët në çdo komunë, sepse do të mbushin në mënyrë të drejtpërdrejtë buxhetin e komunës.

Të pranishmit mbështetën këtë propozim, por theksuan se për realizimin e këtij hapi vendimet më të vështira i kanë këshilltarët. Ata po ashtu theksuan se këshillat do të kenë nevojë për mbështetje më të madhe për zbatimin e një strategjie ose një fushate adekuate për t'i informuar qytetarët për dobinë e rritjes së shkallës së këtij tatimi. U prezantuan edhe mendime se ndërhyrjet e këtilla janë të nxitura dhe se ndoshta është më mirë që së pari, për një periudhë të caktuar kohore, të gjitha komunat t'i kushtohen maksimalisht zbatimit të obligimeve ligjore, përkatësisht të zbatojnë aktivitete përkatëse në përputhje me ligj. Më saktësisht, çdo komunë ta

општини максимално да се посветат на спроведување на соодветните активности, во согласност со законот. Поточно, секоја општина да ја утврди комплетната база на објекти, кои се предмет на вакво оданочување и да спроведе целосна репроценка на вредноста на објектите кои се оданочуваат според актуелната методологија и, се разбира, да обезбедат целосна наплата. Со тоа, во најголем број општини драстично ќе се зголемат средствата во буџетот, а и ќе се намалат реакциите кај граѓаните кои редовно го плаќаат овој данок, наспроти оние кои не се евидентирани, кои плаќаат многу ниска вредност или воопшто не го плаќаат истиот.

## За надоместокот за „легализација" на објектите....

Членовите на Комитетот беа информирани и за прашањето за утврдување на висината на надоместокот за „легализација" на објектите, кои се бесправно изградени во периодот по стапување на сила на Законот за постапување со бесправно изградени објекти, односно изградени по 3 март, 2011 година. Мерката која е предложена е – утврдување на правен статус на бесправен објект кој бил изграден по 3 март, 2011 година, само под услов истиот да може да биде вклопен во урбанистичко – планската документација и за истиот да се плаќа дополнително зголемен процент од редовната висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште – популарно наречени "комуналии". Рангот на определување на висината на надоместокот, согласно оваа мерка, беше дебатирано да се движи од двојно зголемени комуналии од редовно утврдените за конкретната планска зона, преку ранг на зголемена висина на надоместокот од 120% до 150% од редовно утврдената висина на комуналиите.

Присутните посочија дека и во овој предлог гледаат многу позитивни промени, при што истакнаа дека е потребно да не се дозволи да се направат истите „грешки„ како и со Законот за постапување со бесправно изградени објекти, каде се беше ставено со иста појдовна позиција. Односно посочија да се утврди како ќе се постапува со објекти кои биле изградени надвор од градежен опфат, каде подолг период општината не донела урбанистички план или друг плански документ. Потоа, како ќе се постапува со објекти кои имаат помошна улога во земјоделството, со објектите кои припаѓаат на лица кои се приматели на социјална помош и слично. На седницата претставник од Комитетот на советите посочи

përcaktojë bazën e tërësishme të objekteve të cilat janë objekt i këtij tatimi dhe të zbatojë rivlerësim të tërësishëm të vlerës së objekteve për të cilat paguhet tatim, sipas metodologjisë aktuale dhe kuptohet të sigurojnë arkëtimin e tërësishëm të këtyre mjeteve. Me atë, në shumicën e komunave do të rriten në mënyrë drastike mjetet në buxhet dhe do të reduktohen reagimet e qytetarëve të cilët paguajnë rregullisht këtë tatim, kundrejt atyre të cilët nuk janë evidentuar, të cilët paguajnë një vlerë shumë më të ulët ose nuk e paguajnë fare atë.

## Për kompensimin për "legalizimin" e objekteve...

Anëtarët e Komitetit u informuan edhe për çështjen e përcaktimit të shumës së kompensimit për "legalizimin" e objekteve të cilat janë ndërtuar në mënyrë të paligjshme në periudhën pas hyrjes në fuqi të Ligjit për trajtimin e objekteve të ndërtuara në mënyrë të paligjshme, përkatësisht që janë ndërtuar pas datës 3 mars 2011. Masa e propozuar është – përcaktimi i statusit juridik të objektit të paligjshëm që është ndërtuar pas datës 3 mars 2011, por me kusht që i njëjti të përputhet me dokumentacionin urbanistik – planifikues dhe për të njëjtin të paguhet një përqindje e rritur shtesë nga shuma e rregullt e kompensimit për rregullimin e tokës ndërtimore – të ashtuquajtura "komunali". Rangu i përcaktimit të shumës së kompensimit, sipas kësaj mase, u debatua të lëvizet nga komunali të rritura dyfish nga ato që janë përcaktuar në mënyrë të rregullt për zonën konkrete planifikuese, përmes rangut të shumës së rritur të kompensimit nga 120% deri më 150% nga shuma e përcaktuar rregullisht e komunalive.

Të pranishmit theksuan se shikojnë shumë ndryshime pozitive edhe në këtë propozim, duke theksuar se nuk duhet të lejohet të bëhen të njëjtat "gabime" sikur me Ligjin për trajtimin e objekteve të ndërtuara në mënyrë të paligjshme, ku çdo gjë u vendos në të njëjtën pozitë fillestare. Ata theksuan se duhet të përcaktohet se si do të veprohet me objektet që janë ndërtuar jashtë aktivitetit ndërtimor, ku një periudhë më të gjatë komuna nuk ka miratuar plan urbanistik ose dokument tjetër planifikues. Pastaj, si do të veprohet me objektet që kanë rolin ndihmës në bujqësi, me objektet të cilat u takojnë personave që marrin ndihmë sociale etj. Në seancë, përfaqësues nga Komiteti i këshillave theksoi se BNJVL-ja duhet të reagojë me kohë për ndryshime në Ligjin për lojërat e fatit dhe lojërat argëtuese, e sidomos



дека е потребно ЗЕЛС навремено да реагира на измени на Законот на игри на среќа и на забавни игри, а особено во делот посветен на условите каде вакви објекти може да се отвораат. Наместо, користење на просторна оддалеченост, односно колку метри да биде оддалечен ваков објект од училишта, културни, здравствени и други установи, беше предложено да се утврди ваквите објекти да може да се отвораат само во хотелски објекти и во трговски центри. На овој начин ќе се обезбеди заштита на „ранливите групи„ од вакви пороци, но истовремено да се обезбеди данокот на добивка од игри на среќа да биде дополнителен приход за општините.

## Претседателите на советите треба континуирано да дискутираат за активностите на ЗЕЛС

На крајот на состанокот беше заклучено членовите на Комитетот на советите до крајот на месец август да одржат средби со претседателите на советите од општините од својот плански регион, каде подетално ќе дискутираат за овие предлози и ќе донесат одредени ставови. Притоа, беше побарано на овие состаноци да се вклучи и некој претставник од ЗЕЛС, со цел посоодветно да ги презентира предлозите. Извршната директорка на ЗЕЛС, Душица Перишиќ, посочи дека Комитетот на советите при ЗЕЛС треба поинтензивно да ги запознава советниците со улогата и стратегиските цели на ЗЕЛС, што е една од нејзините позначајните улоги. Таа нагласи дека сите советници го добиваат весникот на ЗЕЛС „Гласило од ЗЕЛС" каде експлицитно се пренесуваат сите активности на телата и органите на Заедницата, иницијативите, предлозите, успесите, средбите со домашни и странски тела и организации, обуките за општинската администрација, информатичките системи што ги одржува ЗЕЛС, а што ги користат општините и слично. Исто така, беше посочено дека ЗЕЛС во соработка со УНДП го реализираат проектот „Зајакнување на општинските совети". Токму на оваа седница беше повикан и претставник од УНДП, кој го информираше Комитетот на советите за активностите на проектот реализирани од 1 ноември 2018 година до 31 јуни 2019 година. Затоа беше побарано членовите на Комитетот редовно да ги информираат останатите претседатели на советите за сите активности во ЗЕЛС и потоа да ги пренесат нивните ставови на Заедницата, со цел преземање на натамошни соодветни постапки за подобрување на улогата на советниците во локалната власт.

në pjesën që u kushtohet kushteve se ku mund të hapen objektet e këtilla. Në vend të përdorimit të distancës hapësinore, përkatësisht sa metra të jetë i larguar objekti i këtillë nga shkollat, institucionet kulturore, shëndetësore dhe të tjera, u propozua të përcaktohet që këto objekte të mund të hapen vetëm në objekte hoteliere dhe në qendra tregtare. Në këtë mënyrë do të sigurohet mbrojtje për "grupet e prekshme" nga veset e këtilla të këqija, por në të njëjtën kohë të sigurohet që mjetet e tatimit të fitimit të lojërave të fatit të jenë të ardhura shtesë për komunat.

## Kryetarët e këshillave duhet vazhdimisht të diskutojnë për aktivitetet e BNJVL-së

Në fund të takimit u mor konkluzion që anëtarët e Komitetit të këshillave deri në fund të muajit gusht të mbajnë takime me kryetarët e këshillave të komunave të rajonit të tyre planifikues, ku do të diskutojnë më hollësisht për këto propozime dhe do të miratojnë qëndrime të caktuara. Gjithashtu u kërkua që në këto takime të përfshihet edhe ndonjë përfaqësues nga BNJVL-ja me qëllim që të prezantohen në mënyrë më adekuate anët pozitive të propozimeve. Drejtoresha ekzekutive e BNJVL-së, Dushica Perishiq theksoi se Komiteti i këshillave të BNJVL-së duhet t'i informojë në mënyrë më intensive këshilltarët për rolin dhe qëndrimet strategjike të BNJVL-së, që është një nga rolet e saja më të rëndësishme. Ajo theksoi se të gjithë këshilltarët e marrin "Gazetën e BNJVL-së" ku janë prezantuar në mënyrë të qartë të gjitha aktivitetet e trupave dhe organeve të Bashkësisë, iniciativat, propozimet, sukseset, takimet me trupat dhe organizatat vendase dhe të huaja, trajnimet për administratën komunale, sistemet informatike që i mirëmban BNJVL-ja dhe i përdorin komunat etj. Po ashtu u theksua se BNJVL-ja në bashkëpunim me UNDP realizon projektin "Përforcimi i këshillave komunale". Pikërisht në këtë takim u ftua një përfaqësues i UNDP-së, i cili informoi Komitetin e këshillave për aktivitetet e projektit që janë realizuar prej datës 1 nëntor 2018 deri më 31 qershor 2019. Prandaj ajo kërkoi që anëtarët e Komitetit t'i informojnë rregullisht kryetarët e tjerë të këshillave për të gjitha aktivitetet e BNJVL-së dhe pastaj t'ia transferojnë qëndrimet e tyre Bashkësisë, me qëllim të ndërmarrjes së procedurave të mëtejshme adekuate për përmirësimin e rolit të këshilltarëve në pushtetin lokal.



## НОВИОТ МИНИСТЕР ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА СЕ ЗАПОЗНА СО СТАВОВИТЕ НА ЗЕЛС ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА НА ВЛАСТА ВО ЗЕМЈАВА

## MINISTRI I RI I VETËQEVERISJES LOKALE U INFORMUA PËR QËNDRIMET E BNJVL-SË PËR VAZHDIMIN E DECENTRALIZIMIT TË PUSHTETIT NË VEND




На покана на претседателот на ЗЕЛС, Петре Шилегов, на единаесетта седница на Управниот одбор на ЗЕЛС, што се одржа на 11 јули, 2019 година во просториите на ЗЕЛС , присуствуваше и новиот министер за локална самоуправа на Република Северна Македонија, Горан Милевски. На состанокот, министерот Милевски беше запознаен со генералните ставови на локалните власти, во насока на преземањето на следните активности за продолжување на децентрализацијата во земјава и нивно заокружување до 1 јануари, 2020 година. Всушност, овој заклучок произлезе од средбата што Управниот одбор на ЗЕЛС неодамна ја имаше со премиерот, Зоран Заев и членовите од неговиот Кабинет на која тој изнесе целосна подготвеност за обезбедување на поголема финансиска стабилност на единиците на локалната власт и фазно пренесување на надлежности од централно на локално ниво, во областите каде ќе биде оценето дека е тоа можно и потребно.

Министерот Милевски, изрази задоволство од подготвеноста на Управниот одбор на ЗЕЛС за соработка и партнерство во целиот процес. Тој информираше дека во разговорите со премиерот при преземањето на функцијата министер за

Me ftesë të kryetarit të BNJVL-së, Petre Shilegov, në seancën e sotme të njëmbëdhjetë të Bordit drejtues të BNJVL-së mori pjesë edhe ministri i ri i vetëqeverisjes lokale të Republikës së Maqedonisë së Veriut, Goran Milevski. Në këtë takim, ministri MIlevski u informua për qëndrimet e përgjithshme të autoriteteve lokale në drejtim të ndërmarrjes së hapave të ardhshëm për vazhdimin e decentralizimit në vend dhe rrumbullakimin e tyre deri më 1 janar 2020. Në fakt, ky konkluzion doli në takimin e paradokohshëm të cilin e kishte Bordi drejtues i BNJVL-së me Kryeministrin Zoran Zaev dhe anëtarët e Kabinetit të tij, në të cilin ai shprehu gatishmërinë e tij të plotë për sigurimin e një stabiliteti më të madh financiar të njësive të pushtetit lokal dhe transferimin fazor të kompetencave nga niveli qendror në atë lokal, në sferat ku do të vlerësohet se ajo gjë është e mundshme dhe e nevojshme.

Ministri Milevski shprehu kënaqësinë i tij për gatishmërinë e Bordit drejtues të BNJVL-së për bashkëpunim dhe partneritet në të gjithë procesin. Ai informoi se në bisedimet me kryeministrin gjatë ndërmarrjes së funksionit ministër i



локална самоуправа ги потврдиле ставовите дека процесот на децентрализација треба да продолжи во областите во кои што веќе има создадено услови, за да се обезбеди поголема финансиска одржливост и функционалност на општините – „Од мое лично искуство, како поранешен член на општински Совет, сметам дека навистина има простор за сериозни промени во финансирањето, како и во организирањето на локалната самоуправа. Со оглед на тоа дека постои расположение одредени надлежности да се пренесат уште од 1 јануари, 2020 година, следниот период ни претстои интензивна работа, која бара поголема оперативност и ефикасност од сите нас" – рече министерот Милевски, кој притоа изнесе и одредени предлози каде може да се дејствува за подобрување на сегашните повеќегодишно стагнирани состојби во локалната власт.

## Општините нема да прифатат нови надлежности доколку првенствено не се обезбеди стабилизирање на финансиското работење на локалната власт

- „Задоволни сме што централната власт покажа доблест за започнување на промени во децентрализацијата во земјава и овозможување таа дефинитивно да продолжи да се движи во потребната насока. Свесни сме дека ни претстои сериозен и обемен процес, кој бара брзи и динамични активности кои подразбираат бројни законски измени, не само на системските закони како што се Законот за локална самоуправа и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, туку и измени во најмалку 30-50 други закони поврзани со промените кои ги предвидуваме. Ние сме апсолутно подготвени, ја имаме визијата која му ја предочивме и на премиерот на државата и сакаме да направиме крупни чекори кои ќе и овозможат на локалната власт да стане финансиски стабилна, да има поголеми надлежности и одговорности, а со тоа да им обезбеди поквалитетни услуги и услови за живот на своите граѓани." Ова на средбата го истакна претседателот на ЗЕЛС, Петре Шилегов, кој на почетокот на разговорот, на министерот Милевски му посака успешна работа и одлична соработка со ЗЕЛС. Шилегов посочи дека поставувањето на контурите на овој процес најдобро е на почетокот да биде во рацете на локалните власти и во соработка со Министерството за локална самоуправа, а потоа да биде презентиран пред премиерот и соодветните министерства. За таа цел, Управниот одбор на оваа седница избра работна група составена од тројца градоначалници: претседателот на ЗЕЛС, Петре Шилегов, потпретседателот на ЗЕЛС, Висар Ганиу и градоначалникот на Општина Велес и претседател на Комисијата за финансирање

vetëqeverisjes lokale kanë konfirmuar qëndrimet se procesi i decentralizimit duhet të vazhdojë në sferat në të cilat tashmë janë krijuar kushtet që të sigurohet qëndrueshmëri dhe funksionalitet më të madh financiar të komunave. – "Nga përvoja ime personale, si ish anëtar i Këshillit komunal, konsideroj se me të vërtetë ka hapësirë për ndryshime serioze në financimin, si dhe në organizimin e pushtetit lokal. Duke marrë parasysh se ka dispunim që kompetenca të caktuara të transferohen që nga 1 janari 2020, në periudhën e ardhshme na pret një punë intensive që kërkon operativitet dhe efikasitet më të madh nga të gjithë ne" – tha ministri Milevski, i cili njëkohësisht nxori edhe propozime të caktuara se ku mund të veprohet për t'u përmirësuar gjendjet aktuale të cilat stagnojnë gati me vite të tëra në sferën e pushtetit lokal.

## Komunat nuk do të pranojnë kompetenca të reja nëse së pari nuk sigurohet stabilizimi i punës financiare të pushtetit lokal

- "Jemi të kënaqur që pushteti qendror tregoi guxim për të filluar ndryshimet në procesin e decentralizimit në vend dhe për të mundësuar që ai të vazhdojë të lëvizet në drejtimin e duhur. Jemi të vetëdijshëm se na pret një proces serioz dhe voluminoz i cili kërkon aktivitete të shpejta dhe dinamike të cilat nënkuptojnë ndryshime të shumta ligjore, jo vetëm të ligjeve sistemore siç janë Ligji për vetëqeverisjen lokale dhe Ligji për financimin e njësive të vetëqeverisjes lokale, por edhe ndryshime në të paktën 30-50 ligje të ndryshme të lidhura me ndryshimet të cilat i parashohim. Ne jemi absolutisht të gatshëm, kemi vizionin të cilin ia kemi theksuar edhe Kryeministrit të vendit dhe duam të bëjmë hapa të mëdhenj të cilët do t'i mundësojnë pushtetit lokal që të bëhet i qëndrueshëm financiarisht, të ketë kompetenca dhe përgjegjësi më të mëdha dhe me këtë të sigurojë shërbime dhe kushte më cilësore për jetesën e qytetarëve të tij". Këtë në takim e theksoi kryetari i BNJVL-së, Petre Shilegov, i cili në fillimin e bisedës i uroi ministrit Milevski punë të suksesshme dhe bashkëpunim të shkëlqyeshëm me BNJVL. Shilegov theksoi se vendosja e kornizave të këtij procesi është më së miri në fillim të jetë në duart e autoriteteve lokale dhe në bashkëpunim me Ministrinë e Vetëqeverisjes Lokale, e pastaj ai të prezantohet para Kryeministrit dhe ministrive përkatëse. Për këtë qëllim, Bordi drejtues në këtë seancë zgjodhi një grup punues që përbëhet nga tre kryetarë komunash: kryetari i BNJVL-së, Petre Shilegov, nënkryetari i BNJVL-së, Visar Ganiu dhe kryetari i komunës së Velesit dhe kryetar i Komisionit të financimit të BNJVL-së,



при ЗЕЛС, Аце Коцевски, кои ќе работат на дефинирањето на целокупниот пакет на промените. Со цел поголема оперативност, беше договорено веќе следната недела, ова тело да одржи средба со министерот за локална самоуправа и неговиот тим. Промените кои треба да бидат опфатени во овој процес на продолжување на децентрализацијата на власта, а кои беа посочени на седницата на Управниот одбор на ЗЕЛС начелно ќе се движат во три насоки. Првата и клучна насока се однесува на обезбедувањето на поголема финансиска независност на локалната власт. Јасно беше порачано дека општините нема да прифатат нови надлежности доколку првенствено не се обезбеди стабилизирање на финансиското работење на локалната власт и нејзините институции и дека нема да бидат прифатени нови надлежности без обезбедување на адекватни финансиски средства за нивна реализација. Вториот пакет ќе биде насочен кон утврдување на можностите за преземање на нови надлежности и нивно попрецизно дефинирање и третиот пакет би се однесувал на организациската поставеност на работењето на локалната власт. На седницата беа изнесени низа предлози и решенија во насока на обезбедување на пофункционални промени во локалната власт.

Ace Kocevski, të cilët do të punojnë në përcaktimin e pakos së tërësishme të ndryshimeve. Me qëllim që të arrihet operativitet më të madh, u dakordua që javën e ardhshme ky trup të mbajë takim me ministrin e vetëqeverisjes lokale dhe ekipin e tij. Ndryshimet të cilat duhet të përfshihen me këtë proces të vazhdimit të decentralizimit të pushtetit, të cilat u theksuan në seancën e Bordit drejtues të BNJVL-së, kryesisht do të shkojnë në tri drejtime. Pakoja e parë dhe kryesore ka të bëjë me sigurimin e pavarësisë më të madhe financiare të pushtetit lokal. U rekomandua qartë se komunat nuk do të pranojnë kompetenca të reja nëse në radhë të parë nuk sigurohet stabilizimi i punës financiare të pushtetit lokal dhe institucioneve të tija dhe se nuk do të pranohen kompetenca të reja pa siguruar mjete adekuate financiare për realizimin e tyre. Pakoja e dytë do të synojë përcaktimin e mundësive për ndërmarrjen e kompetencave të reja dhe përcaktimin e tyre më precize dhe pakoja e tretë do t'i referohet strukturës organizative të punës së pushtetit lokal. Në seancë u prezantuan një sërë propozimesh dhe zgjidhjesh në drejtim të sigurimit të ndryshimeve më funksionale në pushtetin lokal.

## ПРЕЗЕНТИРАН ПРЕДЛОГ - КОНЦЕПТОТ ЗОШТО Е НЕОПХОДНО ПРОДОЛЖУВАЊЕТО НА РЕФОРМИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Работната група сочинета од претставници од локалната и од централната власт на 18 јули, 2019 година, ја одржаа првата средба со која и официјално започнува креирањето на предлог- пакетот за реформа на системот на локалната самоуправа во земјава, како и динамиката за нејзина реализација. Во составот на работната група претставници од ЗЕЛС се: Петре Шилегов, претседател на ЗЕЛС, Висар Ганиу, потпретседател на ЗЕЛС и градоначалникот на Општина Велес и претседател на Комисијата за финансирање при ЗЕЛС, Аце Коцевски. Од страна на централната власт на состанокот учествуваа: министерот за локална самоуправа, Горан Милевски, заменик министерот Дејан Павлески и двајца советници од кабинетот на премиерот на Република Северна Македонија, Олимпија Заевска и Фатмир Битиќи. Средбата беше договорена на единаесеттата седница на Управниот одбор на ЗЕЛС, на која учествуваше и министерот Милевски. Идејата произлезе од разговорите што премиерот Зоран Заев, во претходниот период, ги водеше со членовите на УО на ЗЕЛС за започнување на новиот бран на децентрализација на власта, обезбедување на поголема финансиска стабилност на ЕЛС и фазно пренесување на надлежностите од централно на локално ниво, во областите каде тоа ќе биде оценето. Претставниците од ЗЕЛС го презентираа изготвениот предлог- концепт зошто е неопходно продолжувањето на реформите на локалната самоуправа. Беа изнесени голем број причини меѓу кои дека постојниот систем на локална самоуправа кој започна да се имплементира на 1 јули, 2005 година, покрај добрите страни, покажа и многу слабости и недостатоци кои мора да се отстранат и подобрат. Беше посочено дека една од позначајните причини, за чие надминување ЗЕЛС се залага во континуитет, е хроничниот недостаток на финансиски средства со кои располага локалната власт за вршењето на своите надлежности. Беше наведено дека над 60%

## U PREZANTUA PROPOZIM-KONCEPTI SE PSE ËSHTË E NEVOJSHME TË VAZHDOJNË REFORMAT E VETËQEVERISJES LOKALE

Grupi punues i përbërë nga përfaqësues të pushtetit lokal dhe atij qendror më 18 korrik 2019, mbajtën takimin e parë me të cilin edhe zyrtarisht fillon krijimi i projekt-pakos për reformimin e sistemit të vetëqeverisjes lokale në vend, si dhe dinamika e realizimit të tij. Në përbërjen e Grupit punues, përfaqësues nga BNJVL-ja janë: Petre Shilegov, kryetar i BNJVL-së, Visar Ganiu, nënkryetar i BNJVL-së dhe Kryetari i Komunës së Velesit dhe kryetar i Komisionit të Financave të BNJVL-së, Ace Kocevski. Nga ana e pushtetit qendror në takim morën pjesë: Ministri i Vetëqeverisjes Lokale, Goran Milevski, Zëvendës-Ministri Dejan Pavleski dhe dy këshilltarë nga Kabineti i Kryeministrit të Republikës së Maqedonisë së Veriut, Olimpija Zaevska dhe Fatmir Bytyqi. Takimi u dakordua në seancën e njëmbëdhjetë të Bordit drejtues të BNJVL-së, në të cilën morri pjesë edhe Ministri Milevski. Ideja doli nga bisedimet që Kryeministri Zoran Zaev i zhvillonte në periudhën e kaluar me anëtarët e Bordit drejtues të BNJVL-së për fillimin e valës së re të decentralizimit të pushtetit, sigurimin e një stabiliteti më të madh financiar të njësive të vetëqeverisjes lokale dhe transferimin me faza të kompetencave nga niveli qendror në atë lokal në sferat ku do të vlerësohet se ajo është e mundshme. Përfaqësuesit e BNJVL-së prezantuan projekt-konceptin se pse është e nevojshme të vazhdojnë reformat e vetëqeverisjes lokale. U nxorën shumë arsye, ndër të cilat se sistemi ekzistues i vetëqeverisjes lokale që filloi të zbatohet më 1 korrik 2005, përveç gjërave të mira, tregoi edhe shumë dobësi dhe mangësi që duhet të eliminohen dhe të përmirësohen. U theksua se një nga arsyet më të rëndësishme, për tejkalimin e të cilave BNJVL-ja angazhohet vazhdimisht, është mungesa kronike e mjeteve financiare të cilat i ka në dispozicion pushteti lokal për kryerjen e kompetencave të tija. U theksua se mbi 60% e të ardhurave totale të pushtetit lokal janë transferime nga pushteti qendror. Ndryshimet në

од вкупните приходи на локалната власт се трансфери од централната власт. Промените во организацијата на локалната власт се нужни, бидејќи демократијата во една земја се развива токму на локално ниво. Локалната власт како најблиска до граѓаните, најдобро ги познава нивните проблеми, потреби и барања и е позаинтересирана за нивно навремено и квалитетно решавање. Во делот на фискалната децентрализација беше посочено дека локалните власти имаат хроничен недостаток на финансиски средства и дека треба целосно да се почитува членот 9 од Европската повелба за локална самоуправа. Во таа насока, беше предложено да се зголеми зафаќањето од ДДВ од сегашните 4,5% на 10 %, во полза на општините и зафаќањето од сегашните 3% на 50% од персоналниот данок на доход. Потоа дел од приходите од Законот за игри на среќа и забавни автомати да биде приход на ЕЛС; етапно да се зголемува стапката на данок на имот; да се интегрираат капиталните дотации во една капитална дотација со неколку потсистеми и нивна распределба според објективни, правични и транспарентни критериуми, со претходно значително зголемување на капиталната дотација за изградба и одржување на локалните патишта и улици од Јавното претпријатие за државни патишта. Беше посочена и потребата од воспоставување на систем за финансиско воедначување за помош на ЕЛС со недоволно финансиски и даночни потенцијали; зголемување на сопствените приходи на општините; овозможување на подобар пристап за задолжување на општините на домашниот и меѓународниот пазар на капитал; основање на Фонд за локален развој и друго. Во однос на проширувањето на надлежностите на ЕЛС беа наведени повеќе области меѓу кои пренесување на правото на управување со земјоделското земјиште , минералните суровини, шумите, пасиштата, од локално значење од централно на локално ниво. Потоа, во областа на културата, со пренесување на повеќе културни национални установи на локално ниво; пренесување на дел од управните работи на МВР и Управата за водење на матични книги; дел од надлежностите од МВР со создавање на комунална полиција на локално ниво; дел од надлежностите на центрите за социјална работа; потоа пренесување на надлежности во делот на примарната здравствена заштита и друго. Предлозите за промени во организацијата на локалната власт одеа во насока на утврдување на можностите за напуштање на монотипниот вид на ЕЛС и востановување на политипен вид на ЕЛС, со различни надлежности (изборни и задолжителни) или точно утврдено со законот, во зависност од големината, економската моќ и изградените потенцијали на општината; потоа преиспитување на правниот статус на урбаните и на месните заедници и нивните надлежности; избегнување на паралелните надлежности на Град Скопје и општините во него. Одредени предлози одеа и во насока на разгледување на можностите за реорганизација на општинскиот совет, на функцијата на градоначалникот, воведување на функција градски менаџер кој би раководел со општинската администрација и слично. По обемната дискусија претставниците од Владата посочија дека ќе започнат интензивни разговори со сите соодветни министерства, на кои ќе бидат разгледани предлозите на ЗЕЛС и по кои ќе утврдат своите ставови. Следниот состанок беше договорен да се одржи после 13 август, 2019 година, по завршувањето на годишните одмори на членовите на работната група.

organizimin e pushtetit lokal janë të domosdoshme pasi demokracia në një vend zhvillohet pikërisht në nivelin lokal. Pushteti lokal si më i afërt me qytetarët i di më së miri problemet, nevojat dhe kërkesat e tyre dhe është më i interesuar për zgjidhjen e tyre me kohë dhe cilësore. Në pjesën e decentralizimit fiskal, u theksua se autoritetet lokale kanë një mungesë kronike të mjeteve dhe se duhet të respektohet tërësisht neni 9 i Kartës Evropiane të Vetëqeverisjes Lokale. Në këtë drejtim, u propozua që të rritet përfshirja e TVSH-së nga 4.5% sa është tani në 10%, në favor të komunave dhe përfshirja e taksës mbi të ardhurat personale nga 3% sa është tani në 50%. Pastaj një pjesë e të ardhurave nga Ligji për lojërat e fatit dhe automatet argëtuese të jenë të ardhura të njësive të vetëqeverisjes lokale; të rritet gradualisht shkalla e taksës së pronës; të integrohen dotacionet kapitale në një dotacion të vetëm kapital me disa nënsisteme dhe shpërndarja e tyre sipas kritereve objektive, të drejta dhe transparente, me një rritje të konsiderueshme paraprake të dotacionit kapital për ndërtimin dhe mirëmbajtjen e rrugëve dhe rrugëve lokale nga Ndërmarrja publike për rrugët shtetërore. U theksua edhe nevoja për krijimin e një sistemi të barazimit financiar për të ndihmuar njësitë e vetëqeverisjes lokale me potenciale të pamjaftueshme financiare dhe tatimore; rritjen e të ardhurave vetanake të komunave; mundësimin e një qasjeje më të mirë të komunave për huamarrje në tregjet e brendshme dhe ndërkombëtare të kapitalit; krijimin e një fondi të zhvillimit lokal etj. Lidhur me zgjerimin e kompetencave të NJVL-ve, u theksuan disa sfera ndër të cilat transferimi i së drejtës së administrimit nga niveli qendror në atë lokal me tokën bujqësore, lëndët e para minerale, pyjet dhe kullotat që janë me rëndësi lokale. Pastaj në sferën e kulturës, me transferimin e më shumë institucioneve kulturore kombëtare në nivel lokal; transferimi i një pjese të punëve administrative të MPB-së dhe Zyrës së menaxhimit të librave amë; transferimi i një pjese të kompetencave të MPB-së me formimin e një policie komunale në nivel lokal; transferimi i një pjese të kompetencave të qendrave për punë sociale; pastaj transferimi i kompetencave në pjesën e mbrojtjes primare shëndetësore etj. Propozimet për ndryshime në organizimin e pushtetit lokal ishin në drejtim të përcaktimit të mundësive për braktisjen e llojit monotip të NJVL-ve dhe vendosjen e një lloji politip të NJVL-ve, me kompetenca të ndryshme (zgjedhore dhe të detyrueshme) ose të përcaktuara saktë me ligj, varësisht nga madhësia, fuqia ekonomike dhe potencialet e ndërtuara të komunës; pastaj rishikimi i statusit juridik të bashkësive urbane dhe vendore dhe kompetencat e tyre; shmangia e kompetencave paralele të Qytetit të Shkupit dhe komunave të tija. Propozime të caktuara ishin në drejtim të rishikimit të mundësive për riorganizimin e këshillit komunal, postit të kryetarit të komunës, aplikimit të funksionit të menaxherit të qytetit i cili do të menaxhonte me administratën komunale dhe të ngjashme. Pas diskutimit të gjerë, përfaqësuesit e Qeverisë theksuan se do të fillojnë bisedime intensive me të gjitha ministritë përkatëse, në të cilat do të shqyrtojnë propozimet e BNJVL-së dhe pastaj do të përcaktojnë qëndrimet e tyre. Takimi i ardhshëm është dakorduar të mbahet pas datës 13 gusht 2019, pas përfundimit të pushimeve vjetore të anëtarëve të grupit punues.

# ПЕТ ОПШТИНИ ПРИЈАВЕНИ ЗА СТЕКНУВАЊЕ СО РЕГИОНАЛНИОТ БФЦ СЕЕ СЕРТИФИКАТ, ОД КОИ ТРИ ЗА ПОВТОРНО СЕРТИФИЦИРАЊЕ

Прилеп, Гевгелија, Штип, Струмица и Град Скопје се петте единици на локалната власт кои се пријавија на отворениот повик за учество во регионалната програма „Сертификација на општини со поволно деловно опкружување во Југоисточна Европа (BFC SEE)". До почетокот на септември, постои можност за пријавување и на други заинтересирани општини. Повикот беше објавен во месец мај, оваа година, од страна на Националното БФЦ ЈИЕ сертификациско тело за нашата земја, претставувано преку Заедницата на единиците на локалната самоуправа – ЗЕЛС и Сојузот на стопанските комори (ССК) и се наоѓа на веб-страницата на ЗЕЛС (www.zels.org.mk). Во нашата земја, прв пат ќе имаме единици на локалната власт кои веќе еднаш се стекнаа со овој признат регионален сертификат, но кои по истекувањето на неговата важност од две години, сакаат да го задржат и да се ресертифицираат. Тоа се градот Скопје и Општина Штип кои беа сертифицирани пред неполни три години, како и општина Струмица, која се пријави уште на самиот почеток на воведување на оваа програма во нашата земја, во 2012 година и успешно ги исполни сите критериуми. Обезбедувањето на овој меѓународно признат сертификат претставува потврда дека општината има јасни насоки како самата да креира добра деловна клима и да воведе меѓународни признати стандарди за ефикасна и транспарентна локална администрација која е насочена кон потребите на стопанствениците. Тоа се и причините зошто трите општини изразија желба континуирано да ги одржуваат ваквите стандарди. Истовремено сертификатот е своевиден „патоказ" за инвеститорите кои сакаат да го преселат или да го прошират своето деловно работење во Југоисточна Европа, БФЦ ЈИЕ, и им служи како стандардизиран механизам за процена на локалните услови за деловно работење, при што укажува на тоа кои општини во регионот се „пријателски" организирани за соработка и имаат најповолна клима за инвестирање. Десетте критериуми од програмата, односно 85-те подкритериуми изразија желба, за прв пат да ги исполнат и општините: Прилеп и Гевгелија и да го добијат сертификатот „Business Friendly Certification South East Europe (BFC SEE)". Досега важноста на сертификатот изнесуваше две години, но бидејќи станува збор за прилично сериозна и исцрпна постапка на сертифицирање, со новите критериуми на програмата, неговата важност е утврдена на три години. Во нашата земја, со овој регионален сертификат досега се стекнаа општините: Велес, Струмица, Штип, Богданци, Гази Баба, Град Скопје и Илинден.

# PESË KOMUNA U PARAQITËN PËR TA FITUAR CERTIFIKATËN RAJONALE BFC SEE, PREJ TË CILAVE TRE PËR CERTIFIKIM TË SERISHËM

Prilepi, Gjevgjelia, Shtipi, Strumica dhe Qyteti i Shkupit janë pesë njësitë e pushtetit lokal që u paraqitën në thirrjen e hapur për pjesëmarrje në programin rajonal "Certifikimi i komunave me ambient të volitshëm afarist në Evropën Juglindore (BFC SEE)". Deri në fillim të shtatorit, ka mundësi të paraqiten edhe komuna të tjera të interesuara. Thirrja u publikua në maj të këtij viti nga ana e Trupit Kombëtar të Certifikimit BFC EJL për vendin tonë, i përfaqësuar përmes Bashkësisë së Njësive të Vetëqeverisjes Lokale - BNJVL dhe Lidhjes së Odave Ekonomike (LOE) dhe gjendet në faqen e internetit të BNJVL-së (www.zels.org.mk). Në vendin tonë, për herë të parë do të kemi njësi të pushtetit lokal që kanë marrë një herë këtë certifikatë të njohur rajonale, por të cilat, pas skadimit të vlefshmërisë së saj dy vjeçare, dëshirojnë ta mbajnë atë dhe të certifikohen përsëri. Ato janë Qyteti i Shkupit dhe Komuna e Shtipit, të cilat morën këtë certifikatë para më pak se tre vjet, si dhe Komuna e Strumicës, e cila u paraqit që në fillimin e aplikimit të këtij programi në vendin tonë, në vitin 2012 dhe plotësoi me sukses të gjitha kriteret. Sigurimi i kësaj certifikate të njohur ndërkombëtare është konfirmim se komuna ka udhëzime të qarta se si të krijojë një klimë të mirë biznesi dhe të aplikojë standarde të njohura ndërkombëtare për administratë lokale efikase dhe transparente që synon nevojat e biznesmenëve. Këto janë arsyet pse të tre komunat kanë shprehur dëshirën për t'i mbajtur vazhdimisht standardet e këtilla. Në të njëjtën kohë, certifikata është një "udhërrëfyes" për investitorët të cilët dëshirojnë të zhvendosin ose zgjerojnë biznesin e tyre në Evropën Juglindore, BFC SEE, dhe shërben si një mekanizëm i standardizuar për vlerësimin e kushteve lokale të punimit afarist, duke treguar se cilat komuna në rajon janë organizuar "në mënyrë miqësore" për bashkëpunim dhe kanë klimë më të favorshme për investime. Komunat e Prilepit dhe Gjevgjelisë shprehën për herë të parë dëshirën për t'i përmbushur dhjetë kriteret e Programit, përkatësisht 85 nënkriteret dhe ta fitojnë certifikatën „Business Friendly Certification South East Europe (BFC SEE)". Deri më tani vlefshmëria e certifikatës ishte dyvjeçare, por për shkak se bëhet fjalë për një procedurë jashtëzakonisht serioze dhe komplekse të certifikimit, me kriteret e reja të Programit është përcaktuar që vlefshmëria e saj të jetë trevjeçare. Në vendin tonë, këtë certifikatë deri më tani e kanë fituar komunat e Velesit, Strumicës, Shtipit, Bogdancës, Gazi Babës, Ilindenit dhe Qyteti i Shkupit.

## Динамика на процесот на сертификација

Според предвидената динамика на Националното БФЦ ЈИЕ сертификациско тело за нашата земја, во месец септември се предвидува пријавените општини да потпишат договор за сертификација/ресертификација. Потоа, општините ќе треба да формираат свој тим, составен од претставници од општинската администрација од секторите или одделенијата за локален економски развој, урбанизам, финансии, ИТ, односи со јавноста.... Сите тимови ќе бидат повикани во ЗЕЛС каде попрецизно ќе бидат запознаени со целата програма, со полезноста и значењето на овој сертификат, со содржината на критериумите, начинот на обезбедувањето на потребните документи кои претставуваат доказен материјал и како се одвива online постапката. За пристап до електронскиот систем, секоја општина ќе добие лозинка и од моментот на логирањето во системот, всушност започнува течењето на предвидениот рок за сертификационата постапка: девет (9) месеци за повторно сертифицирање и дванаесет (12) месеци за прво сертифицирање. За секоја општина ќе биде назначен евалуатор, стручно лице кое на општинскиот тим ќе му дава континуирана поддршка и ќе го следи целиот процес на исполнетост на утврдените критериуми, потребни за успешно сертифицирање на општината.

## Dinamika e procesit të certifikimit

Sipas dinamikës së paraparë të Trupit kombëtar të certifikimit BFC EJL për vendin tonë, në muajin shtator parashihet që komunat e paraqitura të nënshkruajnë një marrëveshje për certifikim/ricertifikim. Pastaj komunat do të duhet të formojnë një ekip të vet që do të përbëhet nga përfaqësues të administratës komunale nga sektorët ose departamentet për zhvillim ekonomik lokal, urbanizëm, financa, TI, marrëdhënie me publikun... Të gjitha ekipet do të thirren në BNJVL ku do të informohen më hollësisht për gjithë programin, dobinë dhe rëndësinë e kësaj certifikate, përmbajtjen e kritereve, mënyrën e sigurimit të dokumenteve të nevojshme të cilat janë material dëshmues dhe mënyrën në të cilën zhvillohet procedura "on-line". Çdo komunë do të fitojë fjalëkalim për të pasur qasje në sistemin elektronik dhe nga momenti i hyrjes në sistem faktikisht fillon skadimi i afatit të paraparë për procedurën e certifikimit: 9 (nëntë) muaj për certifikim të serishëm dhe 12 (dymbëdhjetë) muaj për certifikimin e parë. Për çdo komunë do të emërohet vlerësues, ekspert i cili do t'i japë mbështetje ekipit komunal dhe do ta ndjekë gjithë procesin e përmbushjes së kritereve të përcaktuara, të nevojshme për certifikimin e suksesshëm të komunës.

# „ОДРЖЛИВА УРБАНА МОБИЛНОСТ ВО ЗЕМЈИТЕ НА ЈИЕ"- ТЕМА НА ОБУКАТА ЗА ПЕТТЕ ОПШТИНИ КОИ ДОБИЈА ПОДДРШКА ЗА ПОДГОТОВКА НА АКТИВНОСТИ ВО ОВАА ОБЛАСТ

Претставници од општините: Битола, Карпош,Кавадарци, Куманово и Охрид на 15 јули, 2019 година во просториите на ЗЕЛС проследија воведна обука на тема „Одржлива урбана мобилност во земјите на ЈИЕ". Со оваа обука започна втората фаза од активностите на проектот „Поддршка на единиците на локалната власт на Република Северна Македонија во промоција на одржлива урбана мобилност" , што го реализира ЗЕЛС во соработка со Германската агенција за меѓународен развој (GIZ).

Всушност, ова се петте општини кои беа избрани на повикот за пријавување на заинтересираните локални власти за добивање на експертска помош во процесот на стратешко планирање за

# "MOBILITETI I QËNDRUESHËM URBAN NË VENDET E UJL-SË" – TEMË E TRAJNIMIT PËR PESË KOMUNAT QË MORËN MBËSHTETJE PËR PËRGATITJEN E AKTIVITETEVE NË KËTË SFERË

Përfaqësues nga komunat e Manastirit, Karposhit, Kavadarit, Kumanovës dhe Ohrit më 15 korrik 2019, në hapësirat e BNJVL-së ndoqën trajnimin hyrës me temë "Mobiliteti i qëndrueshëm urban në vendet e UJL-së". Me këtë trajnim fillon faza e dytë e aktiviteteve të projektit "Mbështetje për njësitë e pushtetit lokal të Republikës së Maqedonisë së Veriut në promovimin e mobilitetit të qëndrueshëm urban", që e realizon BNJVL-ja në bashkëpunim me Agjencinë gjermane për zhvillim ndërkombëtar (GIZ)".

Në fakt, këto janë pesë komunat që u zgjodhën në thirrjen për aplikimin e autoriteteve të interesuara lokale për marrjen e ndihmës së ekspertëve në procesin e planifikimit strategjik











одржлива урбана мобилност, објавен од ЗЕЛС во месец мај, оваа година. Тимовите на секоја од трите општини: Битола, Карпош, Кавадарци, беа составени од повеќе лица, меѓу кои се двата претставници од општината кои се одговорни за реализација на апликацијата, како и други раководни лица од областа на сообраќајот, урбанизмот, односи со јавноста и од други области потребни за квалитетна реализација на утврдениот проект. Во периодот од 16 до 19 јули, 2019 година во ЗЕЛС, секој тим од овие три општини, поединечно имаше можност непосредно да дискутира со избраниот експерт за поддршка, за насоката во која нивната локална власт сака да ги утврди своите стратегиски цели и активностите во областа на „Sustainable urban mobility planning- SUMP", како и за начинот како тоа да го реализира. Тимовите на останатите две општини: Охрид и Куманово, овие средби со експертите ќе ги реализираат на 12 август, 2019 година и на 19 август, 2019 година. Тоа е и една од целите на проектот што го спроведува ЗЕЛС - обезбедување на поддршка на заинтересираните општини во развивањето на стратегиската рамка, анализата или активностите за SUMP, во зависност од нивните потреби и цели.

На воведната обука присутните се запознаа со основните принципи на планирање на урбана мобилност. Беше посочено дека кај урбаното мобилно планирање во фокусот е ставен граѓанинот. Експертот ги запозна присутните и со чекорите, мерките, индикаторите и целата методологија за подготвување на мобилно урбано планирање (SUMP), а пред сè беа објаснети целите и приоритети на примената на SUMP. Исто така, на обуката беа изнесени и примери за имплементација на SUMP од разни градови од регионот и од ЕУ. На присутните им беше претставена и ,online алатка за SUMP

## Моделот на одржливо урбано планирање (SUMP)

Активности за одржлива урбана мобилност „Sustainable urban mobility planning- SUMP" се темелат на модел на оптимални

për mobilitet të qëndrueshëm urban, të shpallur nga BNJVL-ja në muajin mars të këtij viti. Ekipet e secilës prej tre komunave: Manastiri, Karposhi dhe Kavadari ishin të përbërë nga më shumë persona, ndër të cilët janë dy përfaqësuesit e komunës përgjegjës për realizimin e aplikacionit, si dhe persona të tjerë udhëheqës nga sfera e trafikut, urbanizmit, marrëdhënieve me publikun dhe sfera të tjera të nevojshme për realizimin cilësor të projektit të përcaktuar. Në periudhën prej 16 deri më 19 korrik 2019 në BNJVL, çdo ekip nga këto tre komuna individualisht kishte mundësinë të diskutojë drejtpërdrejt me ekspertin e përzgjedhur të mbështetjes për drejtimin në të cilin pushteti i tyre lokal dëshiron t'i përcaktojë qëllimet dhe aktivitetet e veta strategjike në sferën e "Sustainable urban mobility planning- SUMP", si dhe për mënyrën në të cilën duhet ta bëjë atë. Ekipet e dy komunave të tjera: Ohri dhe Kumanova do t'i realizojnë këto takime me ekspertët më 12 dhe 19 gusht 2019. Ajo është një nga qëllimet e projektit që e zbaton BNJVL-ja, sigurimi i mbështetjes për komunat e interesuara në zhvillimin e kornizës strategjike, analizës ose aktiviteteve për SUMP, varësisht nga nevojat dhe qëllimet e tyre.

Në trajnimin hyrës, të pranishmit u informuan për parimet themelore të planifikimit të mobilitetit urban. U theksua se te planifikimi mobil urban fokusi është te qytetari. Eksperti i informoi të pranishmit edhe për hapat, masat, indikatorët dhe të gjithë metodologjinë për përgatitjen e planifikimit mobil urban (SUMP) dhe para të gjithash u shpjeguan qëllimet dhe prioritetet e zbatimit të SUMP-it. Gjithashtu në trajnim u prezantuan edhe shembuj për zbatimin e SUMP-it nga qytete të ndryshme të rajonit dhe BE-së. Para të pranishmëve u prezantua edhe "on-line" vegla për SUMP.

## Modeli i planifikimit të qëndrueshëm urban (SUMP)

Aktivitetet për mobilitetin e qëndrueshëm urban „Sustainable urban mobility planning- SUMP" bazohen mbi modelin e





трошоци и иновативност, зголемување на удобноста на живеењето на граѓаните, зголемена мобилност и достапност, подобрување на животната средина и здравјето на луѓето, донесување на одлуки поддржани од заинтересираните страни и граѓаните, пристап до нови извори на финансирање и пред сè- подобра слика на градот. Со ваквото планирање се нагласува потребата од поголем простор за граѓаните, зеленилото, подобрување на јавниот превоз и се дава предност на обезбедување на услови за користење на велосипеди, воспоставување на забранети зони за сообраќај, потоа користење на катни паркиралишта и друго.

Одржливата урбана мобилност е нова област на делување во локалната власт во РСМ, иако тоа е воспоставена практика во Европската Унија. Досега, многу европски градови имаат имплементирано вакви урбани планови и имаат преземено низа активности во оваа насока. Европската комисија активно го поддржува усвојувањето на SUMP и дава правци за подготвување на овој вид планирање, обезбедува промоција на добри практики, како и поддршка за едукација на професионалци во оваа област. Сè поголеми се заложбите во Унијата, SUMP да биде задолжително за градовите со одредена големина, во согласност со националните стандарди, базирани на Упатствата на ЕУ, а се истражуваат и можности за развивање на рамка на ЕУ за поддршка на прогресивно спроведување на SUMP во градовите на ЕУ.

shpenzimeve optimale dhe inovacionit, rritjen e komoditetit të jetesës së qytetarëve, mobilitetin dhe qasjen e rritur, përmirësimin e mjedisit jetësor dhe shëndetit të njerëzve, marrjen e vendimeve të përkrahura nga palët dhe qytetarët e interesuar, qasjen deri te burimet e reja të financimit dhe para të gjithash, pamjen më të mirë të qytetit. Me planifikimin e këtillë theksohet nevoja për hapësirë më të madhe për qytetarët, gjelbërim, përmirësim të trafikut publik dhe jepet përparësi për sigurimin e kushteve për përdorimin e biçikletave, vendosjen e zonave të ndaluara për trafik, pastaj përdorimin e parkingjeve me kate etj.

Mobiliteti i qëndrueshëm urban është një sferë e re e veprimit të pushtetit lokal në RMV, edhe pse kjo është praktikë në Bashkimin Evropian. Deri më tani, shumë qytete evropiane kanë zbatuar plane të këtilla urbane dhe kanë ndërmarrë një sërë aktivitetesh në këtë drejtim. Komisioni evropian mbështet në mënyrë aktive miratimin e SUMP-it dhe jep udhëzime për përgatitjen e këtij lloji të planifikimit, siguron promovimin e praktikave të mira, si dhe mbështetjen për edukimin e profesionistëve në këtë sferë. Gjithnjë më të mëdha janë zotimet në Union që SUMP-i të jetë i domosdoshëm për qytetet me madhësi të caktuar, në përputhje me standardet kombëtare të bazuara mbi Udhëzimet e BE-së, ndërsa hulumtohen edhe mundësitë për zhvillimin e një kornize të BE-së për mbështetjen e zbatimit progresiv të SUMP-it në qytetet e BE-së.

## КОМИСИЈАТА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ПРИ ЗЕЛС ИЗНЕСЕ ОДРЕДЕНИ ЗАБЕЛЕШКИ ПО ПРЕДЛОГ- ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Комисијата за образование при ЗЕЛС, на 26 јули, 2019 година ја свика втората седница на ова тело на која на дневен ред беа поставени измените на Предлог - законот за основно образование и Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта. На самиот почеток на дискусијата, присутните констатираа дека овие предлог -законски решенија не се доставени на разгледување до ЗЕЛС за навремено изјаснување од страна на локалните власти, ниту пак ЗЕЛС е поканет да учествува со свои претставници во самиот процес на законските промени. Со тоа е нарушен еден од најзначајните взаемно утврдени принципи за соработка меѓу централната и локалната власт, воспоставени со Меморандумот

## KOMISIONI PËR ARSIM I BNJVL-SË DHA VËREJTJE TË CAKTUARA PËR PROJEKT-LIGJIN PËR ARSIMIN FILLOR

Komisioni për Arsim i BNJVL-së, më 26 korrik 2019, thirri seancën e dytë të këtij organi, në të cilën u vendosën në rendin e ditës ndryshimet e Projekt-ligjit për arsimin fillor dhe Ligjit për mësuesit në shkollat fillore dhe të mesme. Në fillim të diskutimit, të pranishmit konstatuan se këto zgjidhje projektligjore nuk janë dorëzuar për shqyrtim në BNJVL për prononcim me kohë të autoriteteve lokale, e as BNJVL-ja nuk është ftuar të marrë pjesë me përfaqësuesit e saj në procesin e ndryshimeve ligjore. Me këtë është shkelur një nga parimet më të rëndësishme të vendosura reciproke të bashkëpunimit mes pushtetit qendror dhe atij lokal, të vendosura me Memorandumin e



за меѓусебна соработка на Владата и ЗЕЛС, потпишан во 2003 година. Во него е утврдено дека секој закон што се донесува или менува, а кој во својата содржина опфаќа ингеренции на локалната власт, треба претходно да биде доставен до ЗЕЛС, со цел утврдување на ставовите на локалната власт по истиот.

На седницата, членовите на Комисијата посебно внимание посветија на Предлог –законот за основно образование кој веќе се наоѓа во собраниска процедура, во втора фаза на читање. Тие посочија дека се согласуваат со Министерството за образование и наука за потребата од пристапување кон измени на овој Закон, но сметаат дека „заобиколувањето" на ставовите на ЗЕЛС може да предизвика натамошни посериозни предизвици во неговата имплементација. Присутните најнапред забележаа дека со одредени законски измени се зајакнува централизацијата, наместо да се обезбеди поголема децентрализација на власт, што е една од заложбите на централната власт во овој период. Како пример беше посочен делот на измените на постапката за изборот на директор на основното училиште (член 114), каде градоначалникот има улога само да го именува предложениот кандидат за директор од Училишниот совет, без право на избор на повеќе кандидати. Ако именувањето не го стори во период од 10 дена, избраниот директор го именува министерот за образование. Беше посочено дека градоначалникот е ставен пред свршен чин, само да го констатира единствениот кандидат за директор што го утврдил Училишниот одбор. Беше предложено дека треба да се даде можност Училишниот одбор да му понуди на градоначалникот најмалку два кандидати за директор на училиштето. Исто така, беше предложено, ставот 15 од овој член, со кој целосно му се префрлаат ингеренции за именување на директор на министерот, комплетно да се избрише и да се утврди посоодветна процедура.

Забелешки имаше и во однос на составот на органот на управување на основно училиште (Училишниот одбор) каде изборот за претседател на ова тело, со измените е утврдено да се врши од редот на членовите кои се претставници од родителите, односно старателите. Комисијата за образование при ЗЕЛС посочи дека е потребно да се направи корекција на овој член (член 105, став 6) со која нема да се ограничи, изборот

bashkëpunimit të ndërsjellë të Qeverisë dhe BNJVL-së, të nënshkruar në vitin 2003. Në të është përcaktuar se çdo ligj që miratohet ose ndryshohet dhe i cili në përmbajtjen e tij përfshin kompetencat e pushtetit lokal, duhet të dërgohet paraprakisht në BNJVL me qëllim të përcaktimit të qëndrimeve të pushtetit lokal lidhur me atë ligj.

Në seancë, anëtarët e Komisionit i kushtuan vëmendje të veçantë Projekt-ligjit për arsimin fillor i cili tashmë është në procedurë parlamentare, në fazën e dytë të leximit. Ata theksuan se pajtohen me Ministrinë e Arsimit dhe Shkencës për nevojën e ndryshimit të këtij ligji, por konsiderojnë se "anashkalimi" i qëndrimeve të BNJVL-së mund të shkaktojë sfida të mëtejshme serioze në zbatimin e tij. Të pranishmit së pari vërejtën se me ndryshime të caktuara ligjore përforcohet centralizimi, në vend se të sigurohet decentralizim më i madh i pushtetit, i cili është një nga zotimet e pushtetit qendror në këtë periudhë. Si shembull u theksua pjesa e ndryshimeve të procedurës për zgjedhjen e drejtorit të shkollës fillore (neni 114), ku kryetari i komunës ka rolin vetëm ta emërojë kandidatin e propozuar për drejtor nga ana e Këshillit të shkollës, pa të drejtë për të zgjedhur më shumë kandidatë. Nëse ai nuk e bën emërimin në periudhë prej 10 ditësh, drejtori i zgjedhur emërohet nga Ministri i Arsimit. U theksua se kryetari i komunës duhet vetëm ta konstatojë kandidatin e vetëm për drejtor të cilin e ka përcaktuar Këshilli i shkollës. U propozua t'i jepet mundësi Këshillit të shkollës që t'i ofrojë kryetarit të komunës së paku dy kandidatë për drejtor të shkollës. U propozua gjithashtu që paragrafi 15 i këtij neni, me të cilin transferohen tërësisht kompetencat ndaj Ministrit për emërimin e drejtorit, të fshihet plotësisht dhe të përcaktohet një procedurë më e përshtatshme.

Kishte vërejtje edhe lidhur me përbërjen e organit të administrimit të shkollës fillore (Këshilli i shkollës) ku zgjedhja e kryetarit të këtij trupi, me ndryshimet është përcaktuar të kryhet nga radhët e anëtarëve të cilët janë përfaqësues të prindërve, gjegjësisht kujdestarëve. Komisioni për Arsim i BNJVL-së theksoi se duhet të korrigjohet ky nen (neni 105, paragrafi 6) me ç'rast nuk do

на претседател на Училишниот одор да се врши само од редовите на родителите - членови на ова тело. На овој начин и останатите членови на Училишниот совет нема да бидат ставени во нерамноправна положба. Овој предлог произлегува и од досегашните искуства од работењето на Училишниот одбор, кои произлегуваат од недостатокот на воспоставени критериуми за основните квалификации при изборот на членовите на Училишниот одбор од редот на родителите.

Присутните имаа забелешки и во делот на трансформација на работниот однос на воспитувачот (член 88) каде беше посочено дека е потребно да се утврди нов став со кој, при носењето на одлуки од повисоките судски нивоа (при покрената жалбена постапка) задолжително да се земат предвид анализата и извештајот на Комисијата за трансформација на работен однос. Исто така, беше посочено да се направат измени и во однос на потпишувањето на извештајот на Комисијата.

Стана збор и за одредбите кои се однесуваат на училишните спортски клубови (член 43). Беше посочено дека е потребно јасно да биде дефинирана законската обврска во доставувањето на извештајот за искористените средства за нивно финансирање. Поточно беше предложено, во ставот 4, од овој член, наместо да стои „училиштето" до основачот доставува извештај за искористените средства за финансирање, тоа да биде заменето со „училишниот спортски клуб доставува финансиски извештај до училиштето, а училиштето до надлежниот орган." Присутните дискутираа и за предизвиците во однос на одредбите при засновањето на работниот однос на неопределено или на определено време, што е поврзано со условот кандидатот да има положен стручен испит, а стана збор и за потребата од воведување на стандардизиран пристап во организирањето и спроведувањето на училишните натпревари.

## Презентирани промените на предлог -законот за основно образование

Една од најважните одлики на измените на Предлог-законот за основно образование е вклучувањето на процесот на инклузивност на лицата со попреченост, што целосно ќе почне да се применува од учебната 2022/2023 година, како што е утврдено во преодните и завршни одредби. Сите ученици со попреченост ќе се запишуваат во редовните училишта, додека училиштата за лица со посебни потреби ќе бидат трансформирани во ресурсни центри. За овие лица ќе се изготвува индивидуален наставен план и модифицирана образовна програма во согласност со проценката на способноста на ученикот со посебни потреби. На тој начин, ќе се задоволи принципот на недискриминација во образовниот процес на секоја основа и на секое ниво.

Новото законско решение предвидува ограничување на бројот на ученици во една паралелка од 20 до 30 ученици, додека комбинираните паралелки може да бројот најмногу 10 ученици, а за паралелка за изборен предмет - 15 ученици. За потребите на наставата по физичкото образование и спорт за учениците до петто одделение ќе биде ангажиран дополнително втор наставник кој ќе ја организира истата.

Училишниот одбор во основното образование предложено е да има 7(седум) члена (досега имаше 9 члена), при што се исклучува претставникот од Министерството за образование и наука и

të kufizohet që zgjedhja e kryetarit të Këshillit të shkollës të kryhet vetëm nga radhët e prindërve – anëtarë të këtij trupi. Në këtë mënyrë edhe anëtarët e tjerë të Këshillit të shkollës nuk do të vihen në pozitë të pabarabartë. Ky propozim del edhe nga përvojat e deritanishme të punës së Këshillit të shkollës, të cilat rrjedhin nga mungesa e kritereve të vendosura për kualifikimet themelore gjatë përzgjedhjes së anëtarëve të Këshillit të shkollës nga radha e prindërve.

Të pranishmit kishin vërejtje edhe për pjesën e transformimit të marrëdhënieve të punës së edukatorit (neni 88) ku u theksua se duhet të përcaktohet qëndrim i ri me të cilin do të përcaktohet që gjatë marrjes së vendimeve nga institucionet më të larta gjyqësore (gjatë procedurës së ngritur të animimit) domosdoshmërish të merren parasysh analiza dhe raporti i Komisionit për transferimin e marrëdhënieve të punës.

U bë fjalë edhe për dispozitat që kanë të bëjnë me klubet sportive shkollore (neni 43). U theksua se duhet të definohet qartë obligimi ligjor për dërgimin e raportit për mjetet e shfrytëzuara për financimin e tyre. Saktësisht, u propozua që në paragrafin 4 të këtij neni, në vend se të qëndrojë "shkolla" dërgon raport deri te themeluesi për mjetet e shfrytëzuara për financim, të zëvendësohet me Klubi sportiv shkollor dërgon raport financiar deri te shkolla, ndërsa shkolla deri tek organi kompetent...".

Të pranishmit diskutuan edhe për sfidat lidhur me dispozitat për themelimin e marrëdhënieve të punës për një kohë të papërcaktuar ose të përcaktuar, lidhur me kushtin se kandidati duhet ta ketë kaluar provimin profesional, ndërsa u bë fjalë edhe për nevojën e aplikimit të një qasjeje të standardizuar në organizimin dhe zbatimin e garave shkollore.

## U prezantuan ndryshimet e projekt-ligjit për arsimin fillor

Një nga karakteristikat më të rëndësishme të ndryshimeve të Projekt-ligjit për arsimin fillor është përfshirja e procesit të përfshirjes së personave me aftësi të kufizuara, i cili do të fillojë të zbatohet tërësisht nga viti akademik 2022/2023, që është përcaktuar në dispozitat kalimtare dhe përfundimtare. Të gjithë nxënësit me aftësi të kufizuara do të regjistrohen në shkollat e rregullta, ndërsa shkollat për personat me aftësi të kufizuara do të shndërrohen në qendra burimore. Për këta persona do të përgatitet një plan individual mësimor dhe një program i modifikuar arsimor në përputhje me vlerësimin e aftësisë së nxënësit me aftësi të kufizuara. Në këtë mënyrë do të përmbushet parimi i mosdiskriminimit në procesin arsimor në çdo bazë dhe në çdo nivel.

Zgjidhja e re ligjore parashikon kufizimin e numrit të nxënësve në një klasë nga 20 deri në 30 nxënës, klasat e kombinuara mund të kenë maksimum 10 nxënës, ndërsa klasa e lëndës zgjedhore - 15 nxënës. Për nevojat e mësimit të edukatës fizike dhe sportit për nxënësit deri në klasën e pestë, do të angazhohet një mësues i dytë shtesë, i cili do ta organizojë mësimin.

Këshilli shkollor në arsimin fillor propozohet të ketë 7 (shtatë) anëtarë (deri më tani kishte 9), duke përjashtuar përfaqësuesin e Ministrisë së Arsimit dhe Shkencës dhe

еден член од општината. Се предлага тој да биде составен од тројца претставници од наставниците, тројца од родителите и еден од општината. Директорот на училиштето ќе се избира со мнозинство гласови од Училишниот одбор и истиот мора да биде назначен во рок од 10 дена од страна на градоначалникот. Со Предлог-законот не се определува бројот на часови на учениците во основното образование во текот на една учебна година. Беше посочено дека оваа материја ќе се уреди со подзаконски акти, од причини што во извештајот за состојбите во образованието во Република Северна Македонија, што во 2018 година на барање на Министерството за образование и наука го изготвил ОЕЦД со поддршка на УНИЦЕФ, е утврдено дека учениците од основно образование имаат 900 часови годишно помалку во однос на земјите-членки на ОЕЦД. Понатаму, новото законско решение предвидува финансиска поддршка на учениците за учество на меѓународен училиштен натпревар за најмногу 6 ученици и 3 ментори. Со Предлог-законот за прв пат се предвидува и организирање на учениците од основното образование во „ученички парламент" преку кој ќе учествуваат во подготовка на годишната програма, ќе предлагаат наставни активности, екскурзии и ќе се вклучат во евалуацијата на училиштето.

Големо внимание е посветено на обезбедување на мотивација на наставниот кадар, како и нивно стручно усовршување и обучување, што ќе овозможи подобрување на квалитетот на наставно - образовниот процес. Ќе се овозможи и поддршка на учениците и родителите за натамошната професионална насока за запишување во средните училишта, каде ќе се промовира стручното средно образование. Овие податоци беа изнесени на јавната расправа по Предлог-законот за основното образование, што го организираше Комисијата за образование, наука и спорт на Собрание на Република Северна Македонија, одржана на 26 јули, 2019 година.

një anëtar nga komuna. Propozohet që ai të përbëhet nga tre përfaqësues nga mësuesit, tre nga prindërit dhe një nga komuna. Drejtori i shkollës do të zgjidhet me shumicën e votave të Bordit të Shkollës dhe ai duhet të emërohet nga kryetari i komunës brenda 10 ditëve. Me Projekt-ligjin nuk përcaktohet numri i mësimeve të nxënësve në arsimin fillor gjatë një viti shkollor. U theksua se kjo çështje do të rregullohet me akte nënligjore, për shkak se në raportin për gjendjet në arsimin e Republikës së Maqedonisë së Veriut, i cili në vitin 2018 me kërkesë të Ministrisë së Arsimit dhe Shkencës, e ka përgatitur OECD-ja me mbështetjen e UNICEF-it, është konstatuar se nxënësit e shkollave fillore kanë 900 orë më pak në vit sesa vendet anëtare të OECD-së. Pastaj, zgjidhja e re ligjore parashikon mbështetje financiare për nxënësit që marrin pjesë në një garë ndërkombëtare shkollore për më së shumti 6 nxënës dhe 3 mentorë. Me Projekt-ligjin parashikohet për herë të parë edhe organizimi i nxënësve të shkollave fillore në një "parlament të nxënësve" përmes të cilit ata do të marrin pjesë në përgatitjen e programit vjetor, do të propozojnë aktivitete mësimore, ekskursione dhe të angazhohen në vlerësimin e shkollës.

Vëmendje e madhe është kushtuar për sigurimin e motivimit të stafit mësimdhënës, si dhe për përmirësimin dhe trajnimin e tyre profesional, që do të mundësojë përmirësimin e cilësisë së procesit mësimor-arsimor. Do të mundësohet edhe mbështetje për nxënësit dhe prindërit për udhëzime të mëtejshme profesionale për regjistrim në shkollat e mesme, ku do të promovohet arsimi i mesëm profesional. Këto të dhëna u prezantuan në debatin publik lidhur me Projekt-ligjin për arsimin e mesëm, të cilin e organizoi Komisioni për arsim, shkencë dhe sport i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë së Veriut, që u mbajt më 26 korrik 2019.

## ПОДГОТОВКИ ЗА ПОГОЛЕМА ПРИМЕНА НА ЈПП И ВО ЛОКАЛНАТА ВЛАСТ

